27-мо годишно глобално истражување за извршни директори

# Раст во време на постојана трансформација

Глобално истражување за извршни директори – резултати за Северна Македонија

Февруари 2024



27-мо годишно глобално истражување за извршни директори

# Раст во време на постојана трансформација

Резултатите од 27-то истражување за извршни директори покажа дека извршните директори во Северна Македонија оваа година се пооптимистични за разлика од претходната и веќе преземаат чекори кон трансформација. Наспроти зголемениот оптимизам, локалните извршни директори ја делат истата загриженост со нивните глобални колеги во однос на долгорочната одржливост на нивниот бизнис.

**45%** од глобалните и **40%** од локалните извршни директори одговорија дека не се сигурни дека нивните компании ќе преживеат повеќе од една деценија ако продолжат по сегашниот пат. Соочени со нови предизвици, извршните директори од Северна Македонија ја препознаваат потребата за трансформација на нивните бизниси за да испорачаат одржливи резултати на нивните акционери/содружници и општеството.

За да обезбедиме повеќе информации за природата на предизвикот и можностите за значајни бизнис трансформации, овогодинешниот извештај е фокусиран на три теми:

Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

## Потреба за трансформација

Правиме преглед на состојбата на економијата и несигурноста кај некои од извршните директори за долгорочната одржливост на нивните бизнис модели.

1. Постојана потреба за трансформација
2. Притисоци и закани

## Големи промени на повидок

Го испитуваме статусот на два големи трендови: климатски и технолошки промени (земен е примерот со генеративната вештачка интелигенција - ВИ) кои неизбежно ќе предизвикаат дополнителна трансформација.

3. Прогресираат активностите на глобално ниво
4. Можностите на ВИ
5. Предизвиците на ВИ

## Вашиот водич за трансформација

Ги идентификуваме трите клучни активности за започнување со континуирана трансформација.

6. Претворете ги пречките во можности
7. Сменете ги очекувањата за климатските приоритети
8. Следете внимателно

# Потреба за трансформација

**Правиме преглед на состојбата на економијата и несигурноста кај некои од извршните директори за долгорочната одржливост на нивните бизнис модели.**

## 1. Постојана потреба за трансформација

- 40% од македонските испитаници се сомневаат дека моменталниот правец на движење на нивната компанија ќе ја одржи активна подолго од декада. Сентиментот оваа година е подобрен, споредено со претходното испитување кога овој одговор го дале 44% од македонските испитаници.
- Македонските извршни директори очекуваат подобрување на растот на глобалната економија споредено со нивните очекувања од претходната година. Спротивно на глобалните колеги, македонските испитаници имаат зголемени очекувања за пораст на приходите на нивните бизниси во иднина.
- Според одговорите на извршните директори од ЦИЕ, Северна Македонија посилно влијае врз растот на приходите на компаниите во овој регион споредено со претходната година.

**Наш осврт:** Технолошките и климатските промени, како и другите растечки мега трендови продолжуваат да ги водат извршните директори кон адаптација на бизнисите. Извршните директори во Северна Македонија се предводени од оптимистички очекувања за успешно работење на нивните компании во иднина, но споредено со нивните глобални и регионални колеги се добива впечаток дека имаат поголем оптимизам за одржливоста на растот на бизнисите во текот на следната декада. За одржување на стабилен развој на бизнисите на долг рок, најважно е извршниот директор да биде свесен во секое време дека постојат потенцијални закани.

## 2. Притисоци и закани

- Споредено со претходните пет години, во следните три години извршните директори во Северна Македонија очекуваат поголемо влијание од технолошките промени, промената на потрошувачките навики, конкурентските компании и климатските промени врз начинот на кој нивните компании ќе креираат и добиваат вредност.
- Спротивно на ова, македонските извршни директори сметаат дека ризиците како инфлација, геополитички конфликти и општествена нееднаквост ќе имаат намалено влијание врз нивните бизниси во следните 12 месеци, споредено со претходната година.

**Наш осврт:** Извршните директори очекуваат дека во следните три години значително ќе се зголеми притисокот од фактори кои влијаат врз промена на нивните бизнис модели. Ова е само уште еден знак дека потребата за трансформација на бизнисите расте. Извршните директори треба да ги земат предвид желбите и потребите не само на потрошувачите, туку и на сите заинтересирани страни, како добавувачи, бизнис партнери, инвеститори, регулатори, и општеството во целина.

Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

## 1. Постојана потреба за трансформација

# Локалните извршни директори се на иста линија со глобалнте колеги дека моменталната насока на движење на нивните компании нема да резултира со долгорочна одржливост

**П. Ако Вашата компанија продолжи да се движи во иста насока и понатаму, колку долго сметате дека Вашиот бизнис ќе остане одржлив?**










**Забелешки:**
Основа: Глобално – сите испитаници; Северна Македонија – сите испитаници; ЦИЕ - сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Македонските извршни директори очекуваат глобалната економија да има подобрување споредено со минатата година...

**П. Како сметате дека растот на глобалната економија ќе се смени, ако воопшто, во наредните 12 месеци?**




**Забелешки:**
Основа: Северна Македонија – сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# …и имаат пооптимистички очекувања за раст на нивните приходи споредено со глобалните и регионалните извршни директори

**П. Колку сте сигурни во можностите за раст на приходите на Вашата компанија во следните 12 месеци/3 години?**




**Забелешки:**
Основа: Глобално – сите испитаници; Северна Македонија – сите испитаници; ЦИЕ - сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Северна Македонија го зголемува своето значење како трговски партнер за ЦИЕ регионот

**П. Кои држави/териотории, со исклучок на државата/територијата во која се наоѓате, сметате дека се најважни за можноста за раст на приходите на Вашата компанија во следните 12 месеци?**

**Северна Македонија**




**ЦИЕ**




**Забелешки:**
Основа: Северна Македонија – сите испитаници; ЦИЕ - сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

2. Притисоци и закани

# Иако локалните извршни директори очекуваат поголема потреба за трансформација во следните три години споредено со претходните пет...

**П. Ве молиме означете до кој степен следните фактори влијаат за промена на начинот на кој Вашата компанија креира и добива вредност во последните пет години/следните три години**

(Прикажани се само одговорите „во голем степен“ и „во многу голем степен“)




**Забелешки:**
Основа: Северна Македонија – сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# ...сметаат дека ризиците ќе бидат пониски во следните 12 месеци споредено со претходната година

**П. Колку сметате дека Вашата компанија ќе биде изложена на следните клучни ризици во следните 12 месеци?**

(Прикажани се одговорите само за „високо изложена“ и „многу високо изложена“)




**Забелешки:**
***Изложеност** се дифинира како веројатност за значајна финансиска загуба
Основа: Северна Македонија – сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Големи промени на повидок

**Го испитуваме статусот на два големи трендови: климатски и технолошки промени (земен е примерот со генеративната вештачка интелигенција - ВИ) кои неизбежно ќе предизвикаат дополнителна трансформација.**

### 3. Прогресираат активностите на глобално ниво

- Извршните директори во Северна Македонија имаат напредок во подобрување на енергетската ефикасност и иновирање на производи и услуги со позитивни климатски ефекти.
- Повеќе од една третина од извршните директори во Северна Македонија наведоа дека немаат планови за други климатски активности - вклучително и за активности со важни социјални влијанија како што се ризикот за природата и инвестирање во зелени проекти.

**Наш осврт:** Климатските промени и поврзаните ризици ќе продолжат да влијаат на бизнисите во 2024. Иако извршните директори во Северна Македонија имаат напредок во декарбонизацијата, можат да размислат за инвестирање во зелени проекти. Ваквите решенија се едни од најдобрите начини за компаниите да ги постигнат своите ESG стратегии и таргети.

### 4. Можностите на ВИ

- Локалните извршни директори ги препознаваат позитивните влијанија на бизнисот од генеративната ВИ, примарно поврзани со ефикасноста при работењето.
- Спротивно на своите глобални колеги, извршните директори во Северна Македонија сметаат дека генеративната вештачка интелигенција нема да има значајно влијание на бројот на вработени.

**Наш осврт:** Генеративната ВИ ги менува бизнис моделите и дури и цели индустрии. Локалните извршни директори може да треба брзо да реагираат и да ги искористат можностите кои се укажуваат и првиот чекор може да биде транспарентно споделување на ВИ-плановите и охрабрување на вработените да бидат слободни да експериментираат и иновираат со оваа нова технологија.

### 5. Предизвиците на ВИ

- При справувањето со можните ризици, извршните директори во Северна Македонија сметаат дека најголем е ризикот за сајбер безбедноста, а веднаш по него е ризикот за ширење дезинформации во нивната компанија.

**Наш осврт:** Довербата е клучна при воведувањето на нови технологии и во моментот останува на бизнисите да се осигураат дека одговорно ќе ја користат ВИ. Извршните директори може да се фокусираат на усвојување на стратегија за ВИ и да ги земат во предвид сите ризици од генеративната ВИ. Главниот фокус може да биде на најголемите ризици и креирањето на внатрешни контроли околу приватноста на податоците и како да се тренираат моделите на ВИ. Дополнително, строго се препорачува редовно мониторирање на регулаторните измени во однос на заштитата на податоците и следење на последните новости како вештачката интелигенција треба да се регулира.

Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Македонските извршни директори напредуваат во декарбонизацијата, но една третина од нив немаат план за интегрирање на ризикот од климатски промени во финансиското планирање или инвестирање во зелени проекти

**П. Подолу е листа на активности кои компаниите може да ги преземат кои се поврзани со климатските промени. Што од наведеното најдобро го опишува нивото на напредок во Вашата компанија за секоја од активностите?**




**Забелешки:**
База: Северна Македонија – сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# И покрај ограничената употреба, извршните директори во Северна Македонија очекуваат зголемено влијание од генеративната ВИ

**П. До кој степен се согласувате или не се согласувате со следните изјави за генеративната ВИ?**




**Забелешки:**
База: Северна Македонија – сите испитаници
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Локалните извршни директори го препознаваат позитивниот ефект од генеративната ВИ на работната ефикасност, но не очекуваат значително влијание на приходите во следната година

**П. До кој степен генеративната ВИ ќе го зголеми или намали следното во Вашата компанија во следните 12 месеци?**




**Забелешки:**
Прикажаните проценти може да не изнесуваат 100 заради заокружување.
База: Северна Македонија – сите испитаници; ЦИЕ – сите испитаници;
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Извршните директори во Северна Македонија најмногу се загрижени за ризиците за сајбер безбедноста кога станува збор за генеративната ВИ

**П. До кој степен се согласувате или не се согласувате дека генеративната ВИ ќе го зголеми наведеното во Вашата компанија во следните 12 месеци?**




**Забелешки:**
База: Северна Македонија – сите испитаници; ЦИЕ – сите испитаници;
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Вашиот водич за трансформација

**Ги идентификуваме трите клучни активности за започнување со континуирана трансформација.**

## 6. Претворете ги пречките во можности

- Поголеми пречки за локалните извршни директори произлегуваат од регулаторната средина и недостатокот на квалификувана работна сила. Исто така, недостатокот на технички способности е многу поголема пречка за локалните извршни директори споредено со нивните глобални колеги.
- Понатаму, ефикасноста е причина за загриженост за македонските извршните директори, кои споделија дека 40% од времето потрошено на административни процеси е во просек неефикасно.

**Наш осврт:** Директорите може да направат многу повеќе за да се справат со неефикасностите и да ги надминат пречките. Клучно е да се направи усогласување помеѓу лидерите и вработените околу приоритетите за промена и да се изгради култура на доверба, со цел вработените да се чувствуваат безбедни дека можат споделуваат предлози за подобри начини на извршување на работата.

## 7. Сменете ги очекувањата за климатските приоритети

- Само 29% од локалните извршни директори велат дека нивните компании имаат поставено пониски стапки на поврат на инвестиции за проекти кои имаат позитивно влијание врз климатските промени, споредено со 34% од извршните директори од ЦИЕ регионот. На глобално ниво, подготвеноста за прифаќање на пониски стапките на поврат на овие инвестици расте до 41% од испитаниците.

**Наш осврт:** Стапките на поврат на инвестиции играат клучна улога кога се носат одлуки за алокација на ресурси. Македонските извршни директори не се спремни да го намалат бараниот поврат на инвестиции за целите на позитивно влијание на климатските промени. Глобалниот тренд за инвестиции во проекти со позитивно влијание врз климатските промени треба да служи како пример на локалните извршни директори за напредно размислување на менаџментот во светот.

## 8. Следете внимателно

- Помеѓу другите корпоративни активности, интерно развиените технологии имаат најголемо влијание врз креирањето вредност за компаниите во Северна Македонија, според нивните извршни директори.
- Сепак, македонските извршни директори продолжуваат да не го перцепираат преземањето на други бизниси како активност која нуди можност за креирање и стекнување со поголема вредност за нивните компании.

**Наш осврт:** Иако извршните директори го признаваат влијанието на развојот на технологијата, развојот на портфолиото на производи и подобрувањето стратешките партнерства врз растот на бизнисот, сепак постојат и други бизнис активности кои поминуваат незабележано. Локалните лидери треба да ги прошират нивните преспективи во потрагата по можности за раст за најдобро да го искористат потенцијалот на пазарот кој е во развој.

Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Локалните извршни директори ги идентификуваат недостатокот на квалификувана работна сила и технолошки способности како поголеми пречки споредено со нивните регионални колеги

**П. До кој степен, ако воопшто, следните фактори ја спречуваат Вашата компанија да го смени начинот на кој креира и се стекнува со вредност?**

(Прикажани се само одговори за „до напреден степен“ „до голем степен“ и „до многу голем степен“)




**Забелешки:**
База: Северна Македонија – сите испитаници; ЦИЕ – сите испитаници;
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

6. Претворете ги пречките во можности

# Друг вид на пречка на повидок: локалните извршни директори проценуваат административна неефикасност од 40%, при што процесот на вработување се смета за најмалку ефикасен

**П. Колкав процент од времето поминато во Вашата компанија на следните активности/процеси е неефикасно?**




**Забелешки:**
Текстот на прашањето е изменет заради јасност; столбовите ги прикажуваат главните вредности
База: Сите испитаници кои обезбедија валиден одговор со исклучок на „Не знам"
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Извршните директори во Северна Македонија се помалку подготвени да прифатат пониски стапки на поврат кога евалуираат инвестиции со позитивно влијание врз климатските промени

**П. Во последните 12 месеци, кога ги евалуирате инвестициите со позитивно влијание врз климатските промени*, дали Вашата компанија прифаќа пониски стапки на поврат споредено со други инвестиции?**










**Забелешки:**
*Инвестиции со позитивно влијание врз климатските промени се дефинирани како “пр., транзитирање кон енергетско-ефикасни операции, развој на зелени производи и услуги, имплементација на технологии кои намалуваат емисии”.
База: Глобално – сите испитаници; Северна Македонија – сите испитаници; CEE – сите испитаници;
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Македонските извршни директори одговорија дека интерно развиената технологија има огромно влијание врз креирањето вредност во последните 5 години, додека...

**П. До кој степен следните активности влијаеа на начинот на кој Вашата компанија креираше и се стекна со вредност во последните пет години?**

(Прикажани се само одговори за „во висок степен“ и „во многу висок степен“)




**Забелешки:**
База: Северна Македонија – сите испитаници;
ЦИЕ – сите испитаници;
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC
PwC

8. Следете внимателно

# ...креирањето вредност преку преземања не се препознава како активност која може да донесе поголема вредност...

**П. Дали Вашата компанија има спроведено поголемо преземање (повеќе од 10%) во последните три години?**




**Забелешки:**
База: Глобално – сите испитаници;
Северна Македонија – сите испитаници;
ЦИЕ – сите испитаници;
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

## 8. Следете внимателно

# ...и сè уште се смета за не толку поволен потег во тригодишната развојна стратегија, споредено со извршните директори од регионот и глобално

**П. Колку преземања Вашата компанија планира да направи во следните три години?**










**Забелешки:**
База: Глобално – сите испитаници;
Северна Македонија – сите испитаници;
ЦИЕ – сите испитаници;
Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Одржливост на промените

Климатските промени и генеративната ВИ имаат зголемено влијание на цели индустрии. Извршните директори и нивните водечки тимови се под притисок поголем од било кога, да донесуваат брзи одлуки кои ќе придонесат за трансформирање на бизнис моделите и ќе ја обезбедат иднината на компанијата.

Извршните директори во Северна Македонија може ќе треба да се фокусираат она што е во нивна контрола – како на пример, да го намалат непродуктивното трошење за да ги зголемат добрите инвестиции, и да развиваат способности кои ќе им обезбедат конкурентска предоност. Дополнително, нивните водечки тимови би можеле да вклучат експерти за ВИ или зелена технологија. Глобално е препознаено дека генеративната ВИ може да им помогне на бизнисите да се трансформираат и извршните директори би требало да бидат отворени со нивните вработени за нивните планови да ја вклучат оваа нова технологија во секојдневните операции. Доквалификувањето на вработените и нивно охрабрување на користат ВИ за да ја зголемат продуктивноста и иновирањето се активности кои финално ќе придонесат до пораст на вредноста на човечкиот капитал.

Локалните извршни директори можат успешно да напредуваат во несигурната 2024 година преку фокусирање на факторите кои се во нивна контрола и преку преземање на активности за трансформација, а со тоа ќе имаат можност да донесат промени во нивната компанија и да ги постигнат нивните бизнис цели и таргети.

Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC

# Методологија на истражувањето



Извор: 27-мо годишно глобално истражување за извршни директори на PwC
PwC

PwC интервјуираше 4,702 извршни директори во 105 територии во текот на октомври и ноември 2023. Глобалните и регионалните бројки во овој извештај се усогласени во однос на националниот БДП со цел нивните гледишта да бидат споредливи во сите поголеми региони. Дополнителни информации за поединечни региони, земји и индустрии се достапни по барање. Сите интервјуа беа спроведени почитувајќи ја доверливоста на испитаниците.

**Од 4,702 извршни директори кои учествуваа во истражувањето:**

- 3% од нив раковводат организации до приходи од 25 милијарди долари или повеќе.
- 4% раководат организации со приходи меѓу 10 милијарди долари и 25 милијарди долари.
- 20% раководат организации со приходи помеѓу 1 милијарда долари и 10 милијарди долари.
- 38% раководат организации со приходи меѓу 100 милиони долари и 1 милијарда долари.
- 68% раководат организации кои се во приватна сопственост.
- 87% од испитаниците се мажи и 11% се жени.

**За резултатите за Северна Македонија, 35 извршни директори ги споделија нивните одговори, согледувања и предвидувања.**

- 71% од нив ракоодат организации со приходи помали од 100 милиони долари.
- 17% од нив раководат организации со приходи помеѓу 100 милиони долари и 1 милијарда долари.
- 6% од нив раководат организации со приходи помеѓу 1 милијарда долари и 10 милијарди долари.
- 66% раководат организации во приватна сопственост.
- 77% од испитаниците се мажи и 23% се жени

**Забелешки:**

- Вредностите не секогаш одговараат на полните 100% како резултат на заокружување на процентите, опции со повеќе одговори и одлуката во одредени случаи да не се прикажат одговори од типот ‘ниедно од наведените’ и ‘не знам’.

Истражувањето беше извршено од страна на PwC Research, нашиот глобален центар за примарни истражувања и консултантски услуги базирани на докази.
https://www.pwc.co.uk/pwcresearch

# Ви благодариме.

pwc.com

**Контактирајте нè:**




**Мирослав Марчев**
Одговорен партнер за територија

Е-мејл: miroslav.marchev@pwc.com
Тел: +389 23 140 900

**PwC Северна Македонија**
Булевар 8ми Септември бр. 16, Хипериум Бизнис Центар
1000 Скопје
Северна Македонија

Е-мејл: mk_office@pwc.com
Тел: +389 2 3140 900



© 2024 PwC. Сите права се задржани. Забранета е понатамошна дистрибуција без дозвола на PwC. „PwC“ се однесува на мрежата на фирми-членки на PricewaterhouseCoopers International Limited (PwCIL), или, ако бара контекстот, на индивидуални фирми-членки на мрежата PwC. Секоја фирма-членка е посебно правно лице и не дејствува како застапник на PwCIL или на која било друга фирма-членка. PwCIL не обезбедува никакви услуги за клиентите. PwCIL не е одговорен за дејствијата или пропустите на која било од нејзините фирми-членки, ниту може да го контролира извршувањето на нивното професионални постапување или да ги обврзе на кој било начин. Ниту една фирма-членка не е одговорна за дејствијата или пропустите на која било друга фирма-членка, ниту може да го контролира вршењето на професионалното расудување на друга фирма-членка или да обврзе друга фирма-членка или PwCIL на било кој начин.